## D-r SKENDER RIZAJ — RUDARSTVO KOSOVA I SUSEDNIH KRAJEVA — Priština 1968, 354

Книгава е проширена докторска дисертација на авторот. Поделена на општ и посебен дел со многу прилози, претставува значаен прилог за изучување на развитокот на рударството во Косово и соседните краеви од XV до XVII век, базиран претежно на прворазреден архивски материјал.

### ОПШТ ДЕЛ

I. *Политичко-управен систем.* Во оваа глава се даваат податоци за создавањето и проширувањето на Вучитрнско-Приштинскиот, Призренскиот и Дукаѓинскиот санџак, во склопот на кои се наоѓало Косово во периодот од XV—XVII век.

Во главата *Историскиот развиток на рударството* — авторот, во куси црти, се осврнува на развитокот на рударството во овие региони од времето на Илирите, преку Римјаните и средновековните држави Србија и Босна, до турското владеење на овие краеви.

III. *Рударско законодавство.* Во турското рударско законодавство kanunnami, според авторот, очигледно е влијанието на саското и српското средновековно рударско законодавство.

Во главата — *Ковници на пари* — се дава историјатот на ковање на пари од страна на разни султани и малверзациите што тие ги правеле смалувајќи ја тежината на парите. Посебно интересни се за нас податоците за Кратово каде ковале сребрени пари султаните Бајазид II и Селим I, а Сулејман Законодавецот ковал и сребрени и златни. Пари се ковале и во Скопје, каде што се наоѓал и надзорникот на ковниците. Следуваат потоа податоци за видови на пари и нивната променлива стојност, како и за работењето на ковниците.

V. *Систем на експлоатација.* — Тука се објаснуваат начините на експлоатацијата на рудниците и тоа: експлоатацијата непосредно од државата, од рударите со помош и надзор на државата и давање на рудниците под закуп (iltizam, mukataa). Последниот начин подробно е објаснет. Кусо се дадени и податоци за еснафите на рударите и мајсторите за ковање пари.

VI. *Организација на установите.* Со оглед на важноста што ја имало рударството во турската држава, постоел разгранет систем на установи поврзани со него. Авторот ги дели: А) на централни органи, чие седиште се наоѓало во Цариград и Б) регионални органи: надзорно-судски органи и управно-административна служба.

VII. *Техничка организација.* Во оваа глава авторот дава објаснувања за: А) *Стручни лица*: Урбарари. Хумтани. Шафари. Калханџии. Вараци. Ватруци. Лемшадници. Б) *Работна сила*: 1. Работници рудари; 2. Раја рудар: куреџии, маденџии, маденџилук, рударски подмладок, положба на рударите во системот на привилегии и должности; 3. Работници од војната организација: јаји или пијади, муселеми, децата на пензионисаните спаии, јуруци; 4. Заробеници, осуденици; 5. Етничко-социјална припадност на рударите; 7. Работно време на рударите; 8. Наградување на рударите; 9. Рударска спрема; 10. Рударска исхрана. В). *Помошници*: ќумурџии. Г) *Заштитни органи*: мартолози, примиќури, секбани и поглавари на племињата.

### ПОСЕБЕН ДЕЛ

VIII. *Новобрдска рударска област* — Тука се зборува за Ново Брдо (за неговото име, потпаѓањето под Турците и последиците од тоа); Јањево, за кое не може да се направи јасна слика за неговата рударска активност; Приштина која била како рудник, или во нејзина непосредна близина се наоѓал рудник на олово.

IV. *Копаоничко рударско подрачје* — Трепча, Запланина, Плана, Беласица, Брвник, Бело Брдо и Жежна, претставуваат предмет за разгледување во оваа глава.

X. *Кратовско рударство* — Уште за време на Римјаните, подвлекува авторот, постојат индикации дека Кратово се експлоатирало како рудник. Во XII век се споменува кај арапскиот географ Идриз како Кортос или Коритос. Во време на Немањиќите во Кратово биле сместени рударските установи. Во него постоеле и колонии на Саси и Дубровчани.

Рудниците на Кратово каде што се промиваше и златото ѝ донесувале на Турција 70.000 дукати приход годишно. По сé изгледа дека Кратово како рударско, стопанско и културно место ја достигнало својата кулминација во XVII век. Ова го потврдува и песната на Пир Мухамед-Зајифи кој се роди во Кратово и истото го упоредува со Мека.

За развитокот на рударството во Кратово зборуваат и топонимите поврзани со рударството — Алтаун Даг (златна планина), Железница, Емирица, Рудари, Шлегово, Сасе, Рудар и др.

Во XI и XII глава, најкусо се зборува за призренско-дукаѓинското рударство и Рогозно-глухавичките рудишта.

Од посебно значење се прилозите во кои авторот ни дава во превод 18 разни закони, повелби и други документи, кои се однесуваат на развитокот на рударството во третираните краишта, а тие се:

1. Јасакнама на Ново Брдо, 2. Закон на рудникот Ново Брдо, 3. Канунама од старото (sabik) време, 4. Канунама на рудникот Јаркофче близу до Ново Брдо, 5. Закон на рудникот Јањево. 6. Јасакнама на Запланина и Плана, 7. Законот на Трепча, 8. Канун на рудникот Плана и Заплана, 9. Рудникот на тој крај, 10. Канунама на рудникот Беласица, 11. Документ за обидот да се обнови рударството во Трепча, 12. Документ за обидот да се обнови рударството во Ржане, 13. Препис на стариот закон на рудникот Кратово, 14. Стариот закон на рудникот Кратово, 15. Јасакнама на Кратово, 16. Закон на рудникот Кратово, 17. Закон на рудникот Призрен и 18. Саската канунама што се применуваше во рудниците.

Приложени се и факсимили, кои се однесуваат на овие документи.

Во книгата има и: неколку фотографии на најосновните рударски реквизити и алатки; 2 табели (од првата се гледа стојноста на една акча во 1488 година, а во втората се даваат објаснувања за цифрите кои се јавуваат во турските документи); извори и литература; резиме на албански и германски јазик: речник на помалку познати термини и регистар на имиња.

Х. М.

**Франц Бабингер, МЕХМЕД ОСВАЈАЧ И ЊЕГОВО ДОБА,**
Матица Српска, Нови Сад, 1968 год., 476

Животно дело на неодамна починатиот германски ориентолог — Франц Бабингер несомнено е неговата монографија за Мехмед II Освојувач. Со неа на импозантен начин е овенчан неговиот богат научен опус.

Презентирана во живописен стил, историски снажно обликувана, — оваа монографија подеднакво го привлекува вниманието на обичниот читател и научниот работник.

Монографијата, пред сè, е базирана врз права ризница на изворни материјали. Овде на прво место доаѓаат архивските документи, кореспонденциите, хрониките и сл. Меѓу другото, користени се хрониките на Дука, Халкокондил, Францес, Критобол, Анѓолело, Малипиеро, Нешри, Ашик-паша-саде; записите на Георг од Миленбах, Бертран де ла Брокиер, Константин Михајловиќ од Островица, кореспонденцијата на Чириако де Пициколи од Анкона и сл.

Целокупната користена архивска документација и другите изворни материјали, Бабингер ги објавил во посебна книга (Quellen und Erläuterungen), којашто меѓутоа, не е преведена.

Одличен познавач на тогашните прилики, авторот, со вонреден усет мошне релјефно ја насликал тогашната епоха. И покрај скудните по-